РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA SKOLA
RAJKO ŽINZIFOV
Бр. / Br. 01- 308/1
04.07 2025 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## на ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“

(име на основното училиште)

## во Г.Оризари, Велес

(место и општина)

## за учебната 2025/2026 година



Јуни, 2025 година

# Преамбула

Годишната програма се подготвува во форма на едногодишен развоен документ чија цел е реализација на образовно-воспитните цели на училиштето за една учебна година. Истата може да биде надополнувана и менувана во текот на учебната година со цел подобрување на условите за работа во училиштето и поефективен наставно-образовен процес.

Годишната програма за работата на училиштето се изготвува врз основа на чл.49 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161/19 и 229/20) и Правилникот за формата и содржината за изработка на развојната и годишната програма за работа на основното училиште со Бр.08-3714/3 од 29.5.2024 година донесен од Министерот за образование и наука.

# 1. Вовед

Годишната програма претставува оперативен план за работа со кој е програмирана целокупната воспитно – образовна работа во училиштето. Овој суштински документ треба ефикасно да нѐ води при реализација на планираните активности, ефикасно следење на сите чинители на воспитно-образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница каде егзистира училиштето. Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Тука се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.
Со Годишната програма за работа на училиштето се планира обемот и распоредот на активности што произлегуваат од наставниот план и наставните програми за реализација на наставата и воннаставните активности. Исто така, во состав на Годишната програма за работа на училиштето, постои и програма за следење и вреднување на работата на училиштето, за реализирање на развојните цели. Годишната програма е изработена врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните училишта, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми, подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите, правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.), извештаи (Годишен извештај за работата на основното училиште од учебна 2023/2024 година, извештај од интегралната евалвација, извештај од самоевалуација, извештаи за финасиското работење на училиштето) записници итн.

**Лична карта на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес**

Училишниот објект на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес се наоѓа во Горно Оризари. Училиштето започнало со работа непосредно по ослободубањето, односно од 1945/46 година, како неполно основно училиште од I-IVодделение и го добило името на првоборецот Благој Кирков роден во Велес. Со понатамошниот развој училиштето прераснало во петолетка, па во шестолетка и така опстојало се до 1972 година. Истата година општинското собрание донело Одлука училиштето да прерасне во осмолетка ПОУ „Рајко Жинзифов“ за подоцна да го добие денешното име ООУ „Рајко Жинзифов“. Воспитно-образовната дејност при ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес е организирана за учениците од I-IX одделение.

Изготвената предлог Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година ќе се разгледа и усвои на состанок на Училишниот одбор, а потоа се доставува како усвоен предлог на конечно усвојување до Советот на Општина Велес.

# 1.Општи податоци за основното училиште

1.1.Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Рајко Жинзифов“ |
| Адреса, место, општина | Горно Оризари, Велес |
| Телефон | 043- 233-074 |
| Факс | 043-233-074 |
| Веб-страница | https://rajkozinzifovveles.edu.mk/ |
| Е-маил | rajkozinzifovveles@yahoo.com<br>ou-rajkozhinzifov-dolnoorizari-veles@schools.mk |
| Основано од.. | Општина Велес |
| Верификација-број на актот | 10-1408/3 |
| Година на изградба | 17.05.1995 година |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1410 m2 |
| Училиштен двор (m2) | 349 m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1343 m2 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Босански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор (име и презиме) | Елена Трајкова, Амра Хоџиќ, Македонка Арсовска, Јасмина Шатара, Русмир Ајдарпашиќ, Митхад Мемиќ, Елзин Лековиќ |
| Членови на советот на родители (име и презиме) | Мирфан Вејсиловиќ, Мирза Ибрахимовиќ, Самина Мујовиќ, Амина Нумановиќ, Мирсада Мустајбашиќ, Сабина Тириќ, Русмир |

| | |
|---|---|
| | Ајдарпашиќ, Елиса Јејна, Јасмина Шатара, Асмер Тириќ, Самир Балтиќ, Амела Лакота, Сибела Мустајбашиќ, Едина Тахировиќ, Митхад Мемиќ, Фахра Кицара, Амела Цамовиќ, Сабахета Мргуда. |
| Стручни активи (видови) | Стручен актив на Одделенска настава, Јазична насока, Природно-општествено-математичко-техничка насока, Уметничка насока |
| Одделенси совети (број на наставници) | Совет на одделенски наставници (7) Совет на предметни наставници (13) |
| Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме) | Психолог: Тоше Лучков, дефектолог: Марио Попов, одделенски наставник Весна Сиљанова, предметен наставник Македонка Арсовска, родители Мирза Ибрахимовиќ, Самир Балтиќ. |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | Девет паралелки (173 ученици) |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | Ученичкиот парламент е составен од 9 членови Претседател е ученичката, ученик во деветто одделение Ценита Чолаковиќ |
| Ученички правобранител | Тарик Кицара |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште







Scanned by CamScanner

2.2. Податоци за училиштниот простор

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | Една училишна зграда  во Оризари |
| Број на подрачни училишта | / |
| Бруто површина | 4560 |
| Нето површина | 1410 |
| Број на спортски терени | 2 спортски терени |
| Број на катови | Приземје и кат и само приземје |
| Број на училници | 10+2 |
| Број на помошни простории | 2 |
| Училишна библиотека, медијатека | 1 библиотека, 1 медијатека |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење |

2.3. Простор

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 422,23 | 5 | / |
| Кабинети | 2 | 77,57 | 4 | / |
| Библиотека | 1 | 35,87 | 4 | / |
| Медиотека | 1 | 49,49 | 5 | / |
| Читална | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Спортска сала | / | / | / | Проект во тек |
| Канцеларии | 5 | 107,96 | 5 | / |
| Училиштен двор | 1 | 349 | 5 | Хортикултурно уредување |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | Потреба од изградба на простор за реализација на прослави и воннаставни активности |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Друго | / | / | / | / |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Математика (одд настава) | Хамери,Табела 100, Хамер со таблица од 1 до 10, 3Д геометриски форми, лаптоп, смарт табла | -мрежа-за секое 3Д тело<br>-Логички плочки во вид на 2 Д форми-МАГНЕТНИ |
| Босански јазик (одд настава) | Хамери,сликовници-со кирилична и латинична подршка, лектири на босански јазик, пластични плочки со букви –за формирање на зборови лаптоп, смарт табла | Лектири на босански јазик |
| Музичко образование (одд настава) | Хамери, ЦД плеери, ксилофони | Детски музички инструменти |
| Ликовно образование (одд настава) | Потрошен материјал, блок, бои, хамери штафелаи, прибор за работа итн. | / |
| Природни науки (одд настава) | Хамери-изработки од наставникот за соодветна тема, лаптоп, смарт табла, проектор во кабинет | енциклопедии за растенија<br>-енциклопедии за животни<br>-енциклопедии за човекот |
| Физичко и здраствено образование (одд настава) | Спортски реквизити | Спортска сала |
| Математика од VI до IX одд. | Триаголници, ленир, агломер, шестар, дрвени и пластични тела, лаптоп, смарт табла | / |

| | | |
|---|---|---|
| Физика VIII одд. | Тела за определување на тежиште. Лаптоп, смарт табла | Епрувети, шпиртна ламба, стаклени садови |
| Физика IX одд. | Магнети, призма, рамни огледала, леќа, динамометри, вага за мерење на маса, | Проводници различна должина, батерии од 4,5 волти, адаптер, поголем сад за вода, ласер, електроскоп, сврзани садови |
| Босански јазик од VI до IX одд. | Учебници, LCD проектор, смарт табла правопис, речник на босански јазик | Лектирни изданија на босански јазик, стручна литература; |
| Македонски јазик од VI до IX одд. | Учебници, LCD проектор, смарт табла, лектирни изданија на македонски јазик, лаптоп,стручна литература, правопис, речник на македонски јазик | Нови учебници, стручна литература |
| Англиски јазик од VI до IX одд. | Цд-плеер, Лаптоп, смарт табла | Лектири на англиски јазик, картички |
| Германски јазик од VI до IX одд. | Учебник, CD и касетофон, лаптоп | Дополнителни материјали поврзани со материјалот што се изучува. |
| Биологија од VII до IX одд | Скелет<br>Модел на цвет<br>Микроскоп<br>Модел на мускули на човек LCD проектор Лаптоп, смарт табла | / |
| Хемија од VIII и IX одд | Епрувети<br>Ерленмаер<br>Пипети<br>Модел на атом | / |
| Информатика VI и VII одд | Лаптопи, ЛЦД проектор, постери со содржини од информатика, интерннет и | програмирање, ЦД-иња со апликации и програми за програмирање. |
| Техничко образование V и VI одд | Алат и технички средства за изведување на работните задачи, лемила, скалпери, ножици | Универзален мерач на струја, Адаптер или батерии за испитување на моделите, електромоторче |
| Ликовно образование од VI до IX одд | Штафелаи, прибор за работа хартија, компјутер,смарт табла | / |
| Музичко образование од VI до IX одд | Пијанино, орфови инструменти 6, блокфлејти, триангл, стапчиња | Орфови инструменти триангли, чинели, металофон, гитари |
| Физичко и здраствено образование од VI до IX одд | Спортски реквизити | Спортска сала |

| | | |
|---|---|---|
| Историја од VI до IX одд | Историски карти, наставни средства изработени од наставникот и учениците, историски атласи,историски атласи, стручна литература | историски документирани филмови на CD |
| Географија од VI до IX одд | Географски карти од разни региони во светот, Политички карти од повеќе региони во светот, Географски и Индукционен глобус, Модел на Сонце, Земја и Месечина, Географски атласи, Енциклопедии и стручна литература ЛЦД проектор, Компјутер (лаптоп),смарт табла | / |

2.5. Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1 | Македонска детска литература | 6621 |
| 2 | Странска детска литература | 244 |
| 3 | Литература за возрасни | 3180 |
| 4 | Стручна литература | 1587 |

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Училишна зграда-фасада | | Енергетска ефикасност |
| Спортски терен-големо игралиште | | Изградба на спортска сала за физичкото и здравствено воспитување на учениците |

# 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

## 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Р. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Даниела Стојанова Зафирова | 1979 | Педагог | VII | Педагог | / | 16г 8 м |
| 2. | Тоше Лучков | 1986 | Психолог | VII | Психолог | / | 11 г 8 м |
| 3. | Зилха Биберовиќ | 1965 | Проф. одд нас. | VII | Одд. наставник | / | 36 г 3 м |
| 4. | Весна Сиљанова | 1974 | Проф. одд нас. | VII | Одд. наставник | / | 10г 3 м |
| 5. | Сања Јорданова Николова | 1979 | Проф. одд нас. | VII | Одд. наставник | / | 14г 4 м |
| 6. | Весна Јанковска | 1982 | Проф. одд нас. | VII | Одд. наставник | / | 13 г 6 м |
| 7. | Ана Јанушева | 1979 | Дипл. педагог | VII | Одд. наставник | / | 14 г 8 м |
| 8. | Фарие Мемедова | 1991 | Проф. одд нас. | VII | Продолж. престој | / | 9 г 6 м |
| 9. | Александра Здравкова | | П.А мат-физика | VI | Наст.Мат-Физика | / | |
| 10. | Есма Калач | 1969 | Дипл. Инф. | VII | Наст.Инф-тех. образ | ментор | 26г 3 м |
| 11. | Македонка Арсовска | 1985 | Дипл. Историја | VII | Наст по историја Граѓ.обр. | / | 13г 3 м |
| 12. | Наставник по музичко обр. | | ПА.музич-ко образ. | VII | Наст.муз образов. | / | |
| 13. | Елена Трајкова | 1986 | Проф. Англ.ј. | VII | Наст. Англ.ј. | / | 16г |
| 14. | Амра Хоџиќ | 1994 | Проф. Англ.ј. | VII | Наст. Англ.ј. | / | 6г 4 м |
| 15. | Анета Ѓоргоска | 1978 | Проф. Македј. | VII | Наст. Македј | / | 16г |
| 16. | Сашка Темелкова | 1985 | Проф. Герм.ј | VII | Наст. Герм.ј. | / | 4г 10 м |
| 17. | Анита Коцевска | 1977 | Проф Биол.Хем | VII | Наст. Биол.Хем | / | 13г 2 м |
| 18. | Сара Бочваров | 1999 | Дипл.граф ичар | VII | Наст. Лик. Образ. | / | 3 м |
| 19. | Анита Мечкаровска | 1975 | Проф. Македј | VII | Наст. Бос.ј | / | 12 г 2 м |
| 20. | Анѓела Миладинова | 1995 | Проф по ФЗО | VII | Наст. ФЗО | / | 2 г |

3.2. Податоци за раководните лица

| Р Бр . | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Тања Николова | 1975 | Проф. Герм.ј | VII | Директор | / | 23г 10 м |

3.3. Податоци за воспитувачите

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наставник по одделенска настав | | Воспи-тувач | VII | Продолж. престој | / | |

3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. . | Аземина Кицара | 1982 | Дипл. Економ | VII | Секретар,архивар, благајник | 18г 3 м |
| 2. | / | / | / | / | / | / |

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сефер Гуцевиќ | 1964 | Маш.стр | ССС | Ноќен чувар | 39 г 11 м |
| 2. | Санија Кицара | 1971 | Осн.образ | ОО | Хигиеничар | 9г 1 м |
| 3. | Џеват Рамовиќ | 1977 | Ос. образ | ОО | Хигиеничар | 18 г 9 м |
| 4. | Едип Јусуфовиќ | 1962 | Ос. образ | ОО | Хигиеничар | 16 г 11 м |

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | / | / | / | / | / | / |

3.7.Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Бошњаци | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 26 | 1 | 21 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | 3 | 5 |
| Број на | 18 | 1 | 13 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | 3 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **наставен кадар** | | | | | | | | | | | | | |
| **Број на воспитувачи** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Администра-тивни раб.** | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **Помошно-технички кадар** | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 | 1 |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошник директор** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиш.)** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | / |
| Високо образование | 22 |
| Виша стручна спрема | / |
| Средно образование | 1 |
| Основно образование | 3 |

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 6 |
| 41-50 | 10 |
| 51-60 | 4 |
| 61 - пензија | 3 |

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Членови на комисија за запишување на ученици се следните: педагог Даниела Стојанова Зафирова, психолог Тоше Лучков, одд. наставник Зилха Биберовиќ и заменици членови: предметен наставник Елена Трајкова, одд. наставник Весна Сиљанова и одд.наставник Весна Јанковска.

| Одд. | Број на пара-лелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 7 | 5 |
| II | 1 | 21 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 8 | 13 |
| III | 1 | 14 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 9 | 5 |
| I-III | 3 | 47 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 32 | 30 |
| IV | 1 | 22 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 12 | 10 |
| V | 1 | 19 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 9 | 10 |
| IV-V | 2 | 41 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 18 | 27 |
| VI | 1 | 23 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 9 | 14 |
| VII | 1 | 17 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 14 | 3 |
| VI-VII | 2 | 40 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 22 | 15 |
| VIII | 1 | 19 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 7 | 12 |
| VII-VIII | 2 | 36 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 14 | 24 |
| IX | 1 | 20 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 8 | 12 |
| VIII- IX | 2 | 39 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 14 | 23 |
| VI-IX | 4 | 79 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 36 | 35 |

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Во училиштето на почетокот на годината има изработено финансиски план и истиот ќе се реализира тековно според планот и потребите. Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги искористува сите можности за стекнување дополнителни финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно, и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што

се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## 5. Мисија и визија

### МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***„Сите припаѓаме на едно општество во кое различноста е позитивна вредност. Сите имаме право на квалитетно образование“***

Целта на нашата мисија е да создадеме личности со позитивни ставови кон сите чинители вклучени во општеството. Комуникацијата и соработката заедно со критичкото мислење водат кон успех.

### ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***„Училиште со современа настава прилагодена на потребите и способностите на секој од нас“***

### *МОТО*

***Заедно по патот до успехот***

## 6. Веќе научено/стекнати искуства

(Од Годишниот извештај за реализација на годишната програма за работа на училиштето (учебна 2024/2025), можат да се истакнат следните поуки:

- Опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал е добар предуслов за успешно изведена настава;
- Континуирано одржување на хигиената во училиштето (училниците, тоалетите, училишниот двор и ходниците) се услов за здрав живот;
- Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;
- Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците;
- Посетата на редовните и онлајн семинари и советувања од страна на наставниците дава добри резултати во модернизација и усовршување на наставата,

- Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати (Еко-училиште, Училиште на 21 век, Децата на прво место, МИО проектот, Професионален и кариерен развој на наставниците, Отворен ден по граѓанско образование, Проект за Антикорупција, Еразмус проект и др);
- Обуките за правата на детето, ученичко учество, превенција и заштита од насилство како и обуките за дигитална безбедност кои што ги добија дел од нашите ученици, претставници на Ученичкиот парламент и дел од наставниот кадар во рамки на проектот Децата на 1-во место! на Фондацијата Чекор по чекор ги подобри нивните знаења за овие теми и придонесе за создавање инклузивна училишна клима за настава и учење која што ги препознава и почитува и правата на децата, го поттикнува нивното учество во училиштето и е отворена за нивните иницијативи, потреби и акции по прашања од нивен интерес.
- Учество на учениците и наставниците во хуманитарни акции води кон подигнување на свеста;
- Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците води кон унапредување и надоградување на наставниците;
- Уредувањето на кабинети, игралишта, училишен двор и слично е чекор кон правење на училишната средина на пријатно место за работа, учење и престој;
- Изготвувањето на извештаите по класификациони периоди за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците;

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

<table>
<tr><th>Приоритетно подрачје на промени бр.1</th><th colspan="5">Учење и настава</th></tr>
<tr><td colspan="6">Цели: Развој на социјални компетенции на учениците во градењето на инклузивната култура. Очекувани исходи: Развивање на социјалните компетенции на учениците во однос на инклузијата. Задачи: Развој на социјални компетенции на учениците од ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари со ученици од други училишта и лица со посебни потреби.</td></tr>
<tr><td>Активности<br>Средба помеѓу ИТ од нашето училиште со ресурсниот центар,<br>(во нашето училиште нема деца со посебни потреби),<br>Запознавање на ученичките тимови, Реализација на воннаставни активности.</td><td>Индикатор и за успех<br>Соработка, споделување на искуства, заеднички активности,<br>Дружење и уживање во активност.</td><td>Носители на активностите<br>ИТ од двете. училишта и УИТ од двете училишта.</td><td>Временска рамка за имплементација<br>Континуирно</td><td>Ресурси<br>Интернет конекција,<br>Спортски реквизити.</td><td>Тим за следење<br>Инклузивниот и стручниот тим на училиштето.</td></tr>
<tr><td>Приоритетно</td><td colspan="5"></td></tr>
</table>

| подрачје на промени бр.2 | Постигања на учениците |
|---|---|

**Цели:** Подобрување на постигањата на учениците.

**Очекувани исходи:** Постигнување на подобар успех кај учениците.

**Задачи:** Развивање на систем за намалување на бројот на изостаноци преку анализа за причините на нивно настанување и развивање на поефикасен систем за идентификација на талентираните ученици и нивно посериозно ангажирање за промоција на своите знаења.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| Состаноци, разговори, советувања со ученикот и неговите родители кој има голем број на изостаноци,<br>-Изработка на анализи и заклучоци во врска со причината за изостанување,<br>Држење на посебни часови за учениците кои покажуваат посебен талент по одреден предмет,<br>-Ангажирање на тие ученици на натпревари, конкурси, проекти, предавања и сл. | Поголема редовност на учениците<br>Учениците постигнуваат успеси на разни натпревари, конкурси, проекти. | -одделенски раководител,<br>-стручна служба,<br>-родители,<br>-директор. | Континуирано во текот на учебните години. | Компјутер,<br>Книги,<br>Стручна литература,<br>Средства за информирање на родители. | Стручна служба,<br>Одделенски раководители,<br>Сите предметни наставници. |

| Приоритетно подрачје на промени бр.3 | Учење и настава |
|---|---|

**Цели:** Развој на учењето и наставата низ примена на современи и креативни техники.

**Очекувани исходи:** Развој на учењето во современата настава каде преку примена на нови техники ќе се поттикнува креативноста кај учениците и подобрување на современата настава преку обука на наставниците со цел почесто користење на креативни техники.

**Задачи:** Да се мотивираат учениците за учење преку користење на разни техники во наставата и да се мотвираат наставницте за редовно следење на новитетите во современата настава.

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализирање на конкретни часови од страна на наставниците со примена на современи техники;<br><br>Редовно следење на организираните обуки. | Споделување на искуства, подобрување на интересот и знаењето кај учениците, Примена на стекнатите знаења. | Наставници, Стручна служба. | Континуирано во текот на учебните години. | Хартија, хамер, боички, топчиња, смарт табла или ЛЦД проектор Обуки, Семинари, Вебвинари. | Инклузивен тим и Тим за професиона лен развој. |

| **Приоритетно подрачје на промени бр.4** | **Училишната клима и односи во училиштето** |
|---|---|

**Цели:** Подобрување на училишната клима и соработка со родителите, наставниците и учениците.

**Очекувани исходи:** Зголемување на интересот и вклучување на родителите за проектните активности во однос на слабиот успех, нередовноста и недисциплината.

**Задачи:** Да им се укаже на родителите од потребата и важноста за нивна поголема активност и вклученост при реализирање на разни проектни активности (работилници и предавања) и со помош на проектни активности да им се воочи на учениците за важноста од нивната активност при вклучување во учеството на натпревари, а со тоа и поттикнување на нивната самодоверба и истакнување на нивната амбициозна страна.

| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на родителите со неуспехот на учениците, Активност и ангажираност од страна на родителите за подобра дисциплина и редовност,<br><br>Да се обрне внимание на надарените ученици и да се мотивираат за да бидат поуспешни. | Родителите да бидат запознати со проблемите кои ги прават нивните деца и активно да се вклучат во наставата подобрување на ситуацијата. наставникот секогаш да ги насочува учениците, да им помага на кој начин да дојдат до успех. | Родители,<br><br>Наставници,<br>Стручна служба. | Континуирано во текот на учебните години . | Средства за информира ње . | Стручна служба, наставници. |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

- **Одговорни за следење** - (директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици).
- **Критериум за успех** - (претставува ниво и квалитет на промената која сакаме да ја постигнеме).
- **Инструменти** - (тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, анкети, индивидуални и групни разговри, протоколи за набљудувања и опсервации).
- **Индикатори за успешност** - (Подобрување на постигањата и  зголемување на редовноста на учениците, континуирано стручно усовршување на кадарот и несебична соработка преку споделување на искуства, целосно оспособување на компјутерската технологија и нејзина примена).
- **Повратна информација** - (се дава информација за постигнувањата и препораки за подобрување на успехот, мотивацијата, вреднување на напредокот на учениците, намалување на изостаноците кај учениците, повратни информации од обуките и семинарите на вработените, информации од тимовите за изработка на проектите итн.).

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организацијата и  работата во основното училиште

Според календарот за организација и работа на Основните училишта во учебната 2025/2026 година изготвен од страна на Министерството за образование и наука предвидени се датумите за одбележување на празниците, а во чест на овие денови училиштето од своја страна ќе организира културни, спортски и други манифестации со што ќе даде свој придонес во одбележувањето на истите. Учебната година во училиштето започнува на 01.09.2025 година, а завршува на 31.08.2026 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија, прво и второ полугодие. На денот на училиштето на 15 февруари 2026 година ќе се организираат културни, спортски и други манифестации. Промени во календарот за работа ќе има само со препораки и донесени одлуки на МОН.

**Државни празници за сите граѓани на РСМ:** 8 Септември (понеделник), Ден на независноста на РСМ, 11 Октомври (сабота), Ден на народното востание,  23 Октомври (четврток),  Ден на македонската револуционерна борба, „Св.Климент Охридски“ 8 Декември (понеделник), Рамазан Бајрам 20 март (петок), Втор ден Велигден 13.4.2026 (понеделник), 1-ви Мај (петок), „Св.Кирил и Методиј“ 24 Мај (понеделник).

**Празници за граѓаните од православна вероисповест:** 10 април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден, 6 јуни (петок), Духовден.

**Празник за граѓаните на бошњачката заедница**: 28 септември (недела), Меѓународен ден на Бошњаците.

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

**ЛИСТА НА РАКОВОДИТЕЛИ НА ПАРАЛЕЛКИ**

| Ред. бр. | Презиме и име на наставникот | Одделенски раководител | Училишен објект |
|---|---|---|---|
| 1. | Зилха Биберовиќ | I одделение | Г.Оризари |
| 2. | Весна Сиљанова | II одделение | Г.Оризари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | Фарие Мемедова | III одделение | Г.Оризари |
| **4.** | Весна Јанковска | IV одделение | Г.Оризари |
| **5.** | Ана Јанушева | V одделение | Г.Оризари |
| **6.** | Александра Здравкова | VI одделение | Г.Оризари |
| **7.** | Амра Хоџиќ | VII одделение | Г.Оризари |
| **8.** | Анита Коцевска | VIII одделение | Г.Оризари |
| **9.** | Анита Мечкаровска | IXодделение | Г.Оризари |
| **10.** | Сања Јорданова Николова | Продолжен П. | Г.Оризари |

Поделбата на часови по наставен кадар како и распоредот на часови се приложени во прилозите.

8.3. Работа во смени

Наставата во нашето училиште се реализира во една, смена започнува во 8.00 часот а завршува во 14.10 часот

Распоред на ѕвонење за часови за учебната 2025/2026 година во ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес

| ***Час*** | ***Започнува*** | ***Завршува*** | ***Одмор*** |
|---|---|---|---|
| 1. | 8,00 | 8,40 | 5 |
| 2. | 8,45 | 9,25 | 20 |
| 3. | 9,45 | 10,25 | 5 |
| 4. | 10,30 | 11,10 | 5 |
| 5. | 11,15 | 11.55 | 5 |
| 6. | 12,00 | 12,40 | 5 |
| 7. | 12,45 | 13,25 | 5 |
| 8. | 13.30 | 14.10 | |

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | / | / | / | / | 9 |
| **Број на ученици** | / | / | / | / | 167 |
| **Број на наставници** | / | / | / | / | 20 |

8.5. Проширена програма

Училиште има изработено проширена програма за Продолжениот престој кој се организира во една смена со учениците од I-III одделение.
Активности кои ќе се реализираат во текот на Продолжениот престој:
- пишување на домашни задачи;
- учење на наставниот материјал;
- учество во културно - уметнички програми;
- слободни ученички активности;
- други активности (компјутери, англиски јазик, прошетки, посети и сл.).

Овој вид на услуга ќе биде бесплатен. Наставникот ќе води соодветна документација и евиденција, а учениците ќе ги имаат истите права и обврски како во редовната настава.
Наставник за продолжен престој е Сања Јорданова Николова.

8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето наставата се реализира само во чисти паралелки нема комбинирани.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Како прв странски јазик се изучува англискиот јазик а како втор германскиот јазик. Англискиот јазик се изучува од прво до деветто одделение во девет паралелки. А Германскиот јазик се изучува од шесто до деветто одделение во четири паралелки (79 ученици) како втор странски јазик.

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во согласност со Законот за основно образование и Наставниот план донесен од БРО и МОН, наставниот предмет по Физичко и здраствено образование започнува да се реализира уште од прво одделение. Тандем на наставници кои ќе ја реализираат наставата по ФЗО во текот на оваа учебна 2025/2026 година се: наставник по ФЗО Анѓела Миладинова, одделенските наставници Весна Сиљанова, Весна Јанковска, Ана Јанушева, Зилха Биберовиќ и Фарие Мемедова.

8.9. Изборна настава

Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно процедурата за изборни предмети. Оваа настава е задолжителна и ќе ја следат учениците кои се изјаснија по предходно направената анкета и со согласност на родителите. Секоја учебна година учениците избираат и изучуваат различен изборен предмет. Анкетите од изборот на изборните предмети се приложени во прилозите на Годишната програма.

| Изборни предмети за учебната 2025/2026 година | Наставник | Изборни предмети за учебната 2025/2026 година | Наставник |
|---|---|---|---|
| IV одд. – Еколошко образование и Игри за разрешување на конфликти | Весна Јанковска/ Анита Коцевска | V одд. – Образование на животни вештини и Заштита на животна средина | Ана Јанушева /Анита Коцевска |
| VI одд - Етика на религии и Готвење | Есма Калач | VII одд. – Етика и морал и Жените низ историјата | Македонка Арсовска |
| VIII одд. – Етика и морал и Жените низ историјата | Македонка арсовска | IX одд. - Нашата Татковина | Македонка Арсовска |

8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се огранизира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или кога од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од I до IX оддление.
Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединачно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на слабиот успех како негативност.
Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред се индивидуални форми на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите. Распоредот за реализација на дополнителна настава по наставни предмети е приложен во прилозите на годишната програма.

8.11. Додатна настава

Додатна настава ќе се реализира со учениците кои постигнуваат посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. На почетокот на учебната година сите наставници ќе изработат и достават програми за одржување на додатна настава и ќе биде изработен и истакнат распоред за одржување на додатната настава за сите наставници, а на крајот од учебната година за секој одржан час наставниците треба да поднесат извештај до педагошко - психолошката служба. Оваа настава ќе се изведува во текот на целата учебна година со учениците од I до IX одделение. Изборот за учество во додатната настава ќе се направи на почетокот на учебната година според идивидуалните потреби и интереси на учениците кон одредени подрачја. Распоредот за реализација на додатна настава по наставни предмети е приложен во прилозите на годишната програма.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во училиштето се изработуваат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици.
Секој наставник изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација во текот на една учебна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува интерес, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба. Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во нашето училиште немаме детектирано ученици со посебни потребни но сепак е формиран училишен инклузувен тим во согласност со Законот за основно образование. Членови на инклузивниот тим во нашето училиште се следните: психолог Тоше Лучков, дефектолог Марио Попов-претставник од ресурсниот центар, предметен наставник Македонка Арсовска, одделенски наставник Весна Сиљанова и двајца родители Мирза Ибрахимовиќ и Самир Балтиќ. Инклузивниот тим на почетокот на учебната година изработува акциски план за реализација на активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година. Планот за реализација на активостите е приложен во прилозите на годишната програма.

8.14. Туторска поддршка на учениците

Во нашето училиште немаме туторска поддршка на учениците обезбедено од страна на Министерството.

8.15. План на образовниот медијатор

Во училиштето немаме ученици од ромска националност и поради тоа нема потреба од дополнително ангажирање на образовен медијатор исто така и план за истиот.

## 9. Вонаставни активности

И во текот на оваа учебна година училиштето за задоволување на работните обврски и интересите на учениците и создавање на пријатно место за престој и работа во училиштето, респектирајќи ги афинитетите и желбите на учениците ќе ги планира, организира и реализира овие активности, со цел помасовно вклучување на учениците врз доброволна основа.
Ова подрачје ќе биде проткаено со содржини и ќе ги опфати следните активности:

9.1. Училиштни спортски клубови

Во училиштето се уште нема формирано спортски клуб затоа што нема услови за реализација на активностите, поради недостаток од спортска сала и финансиски средства. Но сепак во училиштето се нудат следните спортови: Футсал и голем фудбал. Училиштето активно ќе учествува на училишните активности и активности со другите општински училишта. Планот и програмата на училишниот спорт ќе се реализира во согланост на Законот за основно образование и во согласност на програмата на општинскиот училишен спорт. Во училшниот спорт за 2025/2026 година ќе постојат мала група од 6 и 7 одделение и голема група од 8 и 9 одделение**.**

9.2. Акции

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии, односно тимови за реализација на одредени акции и давање идеи и предлози за подобрување на комунициската соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира и реализира голем број на еколошки акции, хуманитарни активности и голем број на работилници. Планот и програмата за реализација на акциите е приложен во прилозите на годишната програма.

## 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Планот и програмата за реализација на активностите на заедницата на паралелката, ученичкиот парламент како и училишниот правобранител е приложен во прилозите на годишната програма.

Со поддршка на проектот Децата на 1-во место! на Фондацијата Чекор по чекор финансиран од ЕУ, во септември, 2025 во училиштето е предвидено да се спроведат активностите од малата училишна иницијатива на Ученичкиот парламент „И јас имам право“ одобрена и поддржана во рамки на овој проект. Со отпочнување на новата учебна година и непосредно по нивниот избор, со помош на Фондацијата чекор по чекор ќе се направи обука за новите членови на Ученичкиот парламент (летна школа) за тие да ја дефинираат својата Годишна програма за работа. Истовремено ќе се овозможи и размена на идеи за активности со членовите на Ученичките парламенти од другите проектни училишта. На овој начин учениците вклучени во парламентот ќе имаат можност не само да иницираат туку и самите да учествуваат во спроведувањето на активностите што ги предложиле како потребни во училиштето.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во согласност со Законот за основно образование во училиштето се спроведуваат и реализираат вонучилишните актиности излети, ескурзии, настава во природа итн. За подготовка и рализација на планот и програмата, училиштето има формирано тим за изработка и спроведување на истите. Планот и програмата за реализација на ескурзиите и излетите е приложен во прилозите на годината програма.

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Училиштето нема податоци за одредени ученици кои учествуваат и се вклучени во воннучилишните активности надвор од училиштето.

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите по одредени предмети се значаен и незаобиколен сегмент од образованието на учениците. Со учеството на учениците на натпревари се развива натпреварувачкиот дух и талентот, но истовремено се прошируваат и се продлабочуваат нивните интереси за знаењата по одредени предмети. Учениците од нашето училиште учествуваат на различни натпревари, организирани во повеќе нивоа: училишни, општински, регионални, државни и меѓународни. Учениците од нашето училиште ќе земаат учество на сите натпревари, како и на приредби, смотри, манифестации, конкурси и други организирани активности. Учениците ќе учествуваат на натпреварите по јазиците кои се изучуваат во училиштето-македонски јазик за другите заедници, босански, англиски, германски, Млади библиотекари, потоа на натпреварите Математика, Кенгур, Дабар, Спорт, Детски семафор, Млади техничари и иноватори, Биологија, Географија, Хемија, натпревар за против пожарна заштита итн. Наставниците-ментори и учениците кои на натпреварите ќе постигнат добри резултати ќе бидат и соодветно наградени. Планот и програмата за спроведување на ученичките натпревари е приложен во програмските прилози.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште е установа во која учат ученици од бошњачка националност и установа во која навистина има мултиетничка клима. Постојат разни активности кои се реализираат во склоп на наставните и вонннаставните активности. Посебно се истакнува мултикултурализмот преку проектот МИО кој успешно се спроведува во нашето училиште заедно со партнер училиштата од општината и со партнер училиштата од другите општини. За реализацијата на МИО проектот има изработено годишно планирање од страна на координаторот и тимот и истото е приложено во програмските прилози.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Проекти кои ќе се реализираат во текот на оваа учебна година се МИО проектот; Еко училиште; Училиште на 21 век, Децата на прво место, Професионален и кариерен развој на наставниот кадар, Отворен ден по граѓанско образование, Проект за Антикорупција, Еразмус проекти итн.

Планот и програмата за реализација на активностите од проектите е приложен во прилозите на годишнат програма.

Во Септември 2025 година следуваат завршни активности од проктот Децата на 1-во место преку Фондацијата Чекор по чекор кој е финансиран од ЕУ и се спроведува во партнерство со Канцеларијата на Народниот правобранител. Децата не 1-во место! е во последната година од неговото реализирање. Добар дел од активностите што ги реализиравме во рамки на овој проектот нашето училиште ќе продолжи да ги реализира како дел од своите редовни тековни активности и после завршувањето на проектот.

## 15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Средниот успех на учениците од нашето училиште во учебната 2024/2025 година е следниот: Успехот на учениците од I-V одд е 4,05 на учениците од VI-IX одд е 3,86 а вкупниот постигнат успех на учениците од I-IX одд е 3,91.

Од приложеното се гледа дека успехот кај учениците од VI-IX одделение е по слаб во однос на учениците од I-V одделение.

Врз основа на тоа треба да превземат соодветни активности кои ќе бидат поттик за учениците за постигнување на повисоки резултати во воспитно образовниот процес. Активностите кои ќе се превземат ќе се реализираат преку Стручни активи кои реализацијата на активностите ја планираат во посебна програма приложена во прилозите на годишната програма, преку воведување на иновации во наставата кои наставниците најпрво ќе ги следат преку обуки и семинари и несебично ќе ги пренесуваат на учениците на колегите итн. Стручните соработници во нашето училиште ќе продолжат да водат редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици во редовната настава но и на натпревари и конкурси на кои достојно го претставуваат нашето училиште.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. За следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, стручните соработници во училиштето ќе користат алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и ќе реализираат програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение. Планот и програмата за професионална ориентација на учениците е приложен во пролозите на годишната програма.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивните програми кои планираме да се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се развиле прифатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развивавње на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми. Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини. Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството. Превентивните програми ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час - програма за животни вештини, изборната настава како и воннаставни активности.)

Како резултат на учеството на нашето училиште во проектот Децата на 1-во место!, учениците знаат повеќе за своите права и обврски, имаат поголемо чувство на припадност кон училиштето, учествуваат и го практикуваат носењето одлуки што придонесува за нивната добросостојба. Тие исто така знаат да ги препознаат сите форми и знаци на насилство, на насилник и на дете кое трпи насилство, и запознати се со начините на превенција и механизмите на заштита, особено од сајбер насилството.

## 16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во училиштето се спроведува интерното оценување односно формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците. Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – трите класификациони периоди се оценуваат

описно, а на крај на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период (VII – IX одд.) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничување (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи). Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.

Оценувањето како дел од наставата: - Оценувањето на почетокот на наставата -за да се утврдат предзнаењата на учениците -за да се планира наставата - за да се утврдат интересите, мотивацијата на учениците - Оценување во текот на наставата - за да се следи како ученикот учи и напредува во учењето - за да се информираат родителите за напредокот - за да се поттикнува ученикот подобро да учи - за да се приспособи поучувањето на учениците. Оценување по завршување на наставата - за да се утврди што ученикот научил - за да се информираат сите заинтересирани за постигањата на ученикот - за да се процени ефикасноста на наставата.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Стандардите се базирани на принципи за квалитетно и фер оценување што се составен дел на Стандардите. Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручните соработници, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија, операционализиран план за следење на оценувањето ( квартално-по класификациони периоди и на крајот на учебната година) за кои соодветно се изработуваат извештаи и се согледува напредокот на наставниците и на учениците. Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. Родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма. Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, наставни ливчиња, набљудувања и др. ) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во годишните програми директорот и стручните соработници имаат изработно и план и програма за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар. Стручните посети ќе се реализираат по еднаш во секој класификационен период. По посетите се спроведуваат советодавни разговори со наставниот кадар, се прави анализа и се изработуваат соодветни извештаи. Планот и програмата за работата на директорот и стручните соработници се приложени во прилозите на годишната програма.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Во текот на учебните години, стручните соработници во соработка со наставнивците, родителите и учениците континуирано прават комплетна анализа на работата во училиштето. Од направената анализа во четири области по подрачја од последната самоевалуација беа извлечени слабите и силните страни на училиштето и тие се дадени како идни приоритети и цели кои детално се разработуваат во Развојното планирање на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувсвуваат пријатно. За таа цел во училиштето постои видео надзор и дежурни наставници.
Нашето училиште има изготвено план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи и има изработено скица на сите простории во училиштето со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување од непогодите и несреќите и за евакуација на вработените и учениците.

План за движење при евакуација




## 18. Грижа за здравјето

Цел на училишната програма за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Целокупната училишна програма за грижа на здравјето има генерална цел унапредување на емоционалното и физичкото здравје на учениците, стимулирање на креативниот и интелектуалниот напредок на индивидуата како и превенција од зависности.

Училишната програма за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана, превенција од зависности итн. Во оваа програма е опфатена целокупната грижа за здравјето на учениците која ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родителите и јавните здраствени установи од општината.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето е на високо ниво и за тоа се задолжени и одговорни од техничкиот персонал. Училиштето во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање на навики кај учениците за правилно одржување на личната хигиена. По потреба училиштето ќе соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Во текот на учебната година наставниците и училиштето реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Редовно ќе се чистат училишните простории и училишниот двор, а ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со здравствените домови. Ученици од нашето училиште од прво, трето, петто и седмо одделение ќе бидат опфатени со систематски прегледи во термини кои ќе се договорат со лекарот. Редовно се спроведуваат и стоматолошките систаматски прегледи за сите ученици. Учениците ќе бидат придружувани од страна на родителите по завршувањето на часовите.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од 6 години; 7 години и 14 години. Учениците ќе бидат придружувани од родителот или раководителот на паралелката по завршувањето на часовите.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижа за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Едукацијата на учениците има за цел да ја подигне свеста за консумирање здрава храна и формирање навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовните часови и воннаставни активности. Во училиштето нема да има организирана исхрана за учениците, тоа ќе биде

грижа на родителите со претходно добиена согласност од нивна страна со донесена одлука од членовите на Советот на родители.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

За секој човек да биде успешен во остварување на своите цели важно е да биде дисциплиниран и истраен во своите намери.

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Училиштето има подготвено Кодекс на однесување и Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и на учениците и истиот се поставува на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. На почетокот на учебната година се изработува и распоред за дежурни наставници.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето како и учениците се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците и учениците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани за кои е потребно и посебно уредување но исто така се врши и претставување на тие настани на големи паноа со слики и изработки од учениците и наставниците каде ги има насекаде низ училиштето.

### 19.3. Етички кодекси

На почетокот на учебната година во нашето училиште се изработуваат кодекси на однесување за сите субјекти во училиштето и тоа:

-Кодекс за однесување на наставниците;
-Кодекс за однесување на учениците
-Кодекс за однесување на родители;
-Еко кодекс;

Етичките кодекси се поставени на видно место во училиштето и се приложени во програмските прилози.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето

училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии односно тимови за реализација на активноста и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискатa соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира заеднички:

-Прослави и приредби за Денот на Бошњаците 28-септември, Нова година, Денот на училиштето, Денот на сесловенските просветители, полуматура на деветоодделенците, разни видови на манифестации, разни видови свечености.

Екскурзии и излети ( за сите ученици и вработени, наставно-научни екскурзии и излети за кои се изготвува соодветна програма, планирана во Годишната програма за работа на училиштето и приложена во програмските прилози).

Во текот на оваа учебна година во нашето училиште повторно ќе се спроведе и отворен ден по Граѓанско образование се со цел да се развие демократска клима во училиштата, да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање на активности за позитивна промена.

Планот за спроведување на активностите за отворениот ден по Граѓанско образование е приложен во програмските прилози.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Концептот, односно мотото под кое нашиот кадар се води е „Учењето е доживотен процес“. Во тој контекст нашиот образовен кадар редовно ги следи новините кои се однесуваат во воспитно-образовниот процес и зема активно учество. Потребите за професионален развој се детектираат за време на одделенските и наставничките состаноци, стручните активи како и во неформални средби. Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така, согласно спроведената самоевалуација детектирано е дека целокупниот образовен кадар треба континуирано да продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници на знаење од својата област. Тоа значи дека наставниците и стручната служба ќе продолжат да посетуваат семинари, вебинари и обуки и сето тоа само со една иста цел - професионален развој на образовниот кадар во училиштето во текот на учебната 2025/2026 година.

### 20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки, вебинари, семинари и дисеминации кои ќе понудат активности со цел сртучно усовршување на наставниците и стручната служба.

Притоа за таа цел е изготвен и акционен план, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или обуки, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и

евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој.
Тука значаен дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот кадар. Покрај нив, активно ќе учествуваме и на сите семинари, вебинари и едукативни работилници организирани од Бирото за развој на образованието, МОН, УСАИД, Фондацијата Отворено општество, Фондацијата Чекор по чекор, Метаморфозис или други невладини организации и акредитирани провајдери.

## 20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности. Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство, преку организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година. Во текот на наставната година се реализираат посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот се консултира со тимот кој го посетил (директор, педагог, психолог, наставници од истиот стручен актив) за силните и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој.

Секој наставник индивидуално и колективно стручно се усовршува. Индивидуално преку следење на стручна литература и колективно преку учество на семинари и обуки. Секој наставник на почетокот на учебната година изработува акциски план за својот личен професионален развој и истиот го доставува до директорот или стручната служба. За неговиот професионален развој се води портфолио.

## 20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој на наставниот кадар, каде спаѓаат планирање и организирање на разни обуки, семинари, работилници, дисеминации и слично со цел надградба, унапредување на наставниците и запознавање со нови методи и нов пристап на работа за издигнување на наставата во училницата на повисоко ниво, е познато како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува во професијата, напредува како стручно лице. Но, тој напредок на наставникот не му носи унапредување, односно повисока позиција, туку само професионален напредок и поголем успех во реализација на наставниот процес.
Во нашето училиште стручните активи редовно одржуваат состаноци на кои дискутираат и разменуваат искуства и мислења.
Исто така посетуваат и меѓусебно нагледни часови.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој не се однесува само на акумулација на нови знаења, туку и нивна примена во практиката и подготвеност да се внесат нови начини на работа, во односот кон учениците, наставниците и родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето. Тој воедно води и кон кариерно напредување на воспитно-образовниот процес.

Гордост е на на секое училиште во своите редови да има наставници кои вистински ја покажуваат својата професионалност и заслужуваат да напредуваат. Врз основа на тоа и во нашето училиште ќе се изработи план на поддршка за кариерниот развој на воспитно образовниот кадар во согласност со правилникот и станардите кои треба да ги исполни еден професионален наставник и ќе даде целосна подршка за негово напредување.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклучување на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во одделението и училиштето воопшто претставува една од основните цели на училиштето. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на взаемно почитување помеѓу одделенскиот наставник и родителите. Соработката со родителите се планира заедно со нив, зависно од можностите и интересите на самите родители и потребите на воспитно - образовниот процес. За постигнување на подобри резултати потребно е да постои и поголема соработка помеќу повеќе субјекти. Во рамките на секое училиште пак и во нашето големо значење имаат и родителите. Затоа постои и Советот на родители кој своите дејности ги реализира според претходно планирана програма во кои се застапени мислењата и ставовите на родителите за промена или иновација во училишниот систем и наставата. Програмата за Советот на родители  и распоредот за прием на родителите/ старателите се приложени во програмските прилози.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Советот на родители се вклучени во планирањето на процесот на учење така што тие даваат мислења и сугестии за дополнување и измена на некое планирање, постојано се информирани  за наставниот процес и за успехот на учениците од страна на училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба преку електронскиот дневник, онлајн комуникација итн. Како и во изминатите години така и во оваа учебна година  родителите ќе се вклучат во активностите кои се реализираат во училиштето и во наставните и воннаставните активности. Учесници се на приредбите, манифестации, учествуваат и во работилници заедно со нивните деца.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно-консултативни работилници, со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието и како би можеле полесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.
Училиштето изработува информативни брошури во кои се наведени информации за плановите на училиштето во учебната година, реализација на наставата и воннаставните активности.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето. Носители на активностите ќе бидат сите наставници во зависност од видот на реализацијата на настаните.

***- Локална заедница***

И во текот на оваа учебна година училиштето ќе воспостави секаков вид на комуникација и врска со локалната заедница преку кое истото ќе добива информација за тековните активности. Но и училиштето пред локалната заедница ќе ги претставува своите идеи и проектните активности што ќе се реализираат. Училиштето планира соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, преку усна, писмена и електронска комуникација (состаноци, средби, дебати, трибини).
Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со општината.

***-Инсистуции од областа на културата***

Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеката, театарот итн.

***-Институции од областа на образованието***

Задолжително се планирани соработки се со цел разменување на искуства и постигнување на подобри резултати. Нашето училиште е во соработка со МОН, БРО, Секторот на основното образование, Државниот просеветен инспектор, Општинскиот инспектор за просвета и спорт, партнер училиштата и другите основни и средни училишта, детската градинка итн.

***- Невладини организации***

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации. Училиштето ќе соработува со невладините организации кои всушност ги реализираат проектите наменети за образованието а одобрени од МОН и општината на градот.

***-Спортски друштва***

Активностите на спортските друштва ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, општински и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.
Соработката со сојузот на спортистите но и со клубовите кои опстојуваат во градот ќе продолжи како и досега.

***-Здравствени организации***

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето ќе соработува со ЈЗУ- Велес, Институт за јавно здравје, Црвен Крст, Фондот за здравство, Осигурителна компанија за осигурување на учениците, Центарот за социјална грижа, Советот за детско престапништво. Во соработка со Институтот за јавно здравје ќе се организираат едукативни предавања според претходно подготвен акциски план.

***-Медиуми***

Соработката со медиумите е вежен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати во соработка со медиумите. На овој начин и ученичкото творештво и постигања во разни области добиваат можност за поширока афирмација. Се со цел да се промовира училиштето соработува со Националната телевизија МТВ, Веб страната на училиштето, фејсбук страната, преку флаери и брошури преку кои се промовира училиштето, флаери за запишување на првачиња итн.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Следење на развојот на социјални компетенции на учениците во градењето на инклузивната култура | Индивидуални и групни разговори, презентации, работилници, со ученици, родители | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба |
| Следење на успехот и постигнувањето на учениците | Индивидуални и групни разговори, презентации, работилници, следење на постигнувањата на учениците по класификациони периоди | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба, Администртор |
| Следење на развојот на учењето и наставата низ примена на современи и креативни техники | Едукативни работилници, Презентации, комуникација, следење на новитетите во наставата | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба |
| Следење на училишната клима и | Индивидуални и групни разговори, | Одговорниот тим за реализација на | Директорот, Стручната служба, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| соработка со родителите, наставниците и учениците | презентации, работилници, со ученици, родители | активностите и следење на истите од ова подрачје | наставници, родители. |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени со годишната програма за работа на основното училиште ќе ги земе во  предвид искуствата на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште.
Евалуацијата на годишната програма ќе се реализира во текот на целата учебна година. Следењето и спроведувањето на активностите ќе биде реализирано од страна на тимовите на развојните цели, кординаторите на проектите, претседателите на стручните активи и сите наставници-носители на активностите кои ќе се рализираат во училиштето и надвор од него.
Доказите ќе се собираат со помош на прашалници, анкети, дискусии, записници и протоколи, набљудување преку директен увид во работата на учениците, наставниците, стручната служба и директорот. На крајот од реализацијата на активностите од годишната програма ќе бидат сумирани и еваулирани во записници и извештаи.

## 25.Заклучок

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се „движи” училиштето во текот на учебната година. Тука се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.
Со Годишната програма за работа на училиштето се испланирани обемот и распоредот на активностите што произлегуваат од наставниот план и наставните програми за реализација на наставата и воннаставните и вонучилишните активности.
Годишнатата програма е потреба и услов за создавање и обезбедување на основни претпоставки за успешно остварување на воспитно образовната дејност. Аналитичкиот приод од добиените заклучоци на стручните органи и тела во училиштето како и следењето на промените во функционалното размислување, согледувањето и предлозите за подобрување на начинот на работа на наставно воспитниот процес од страна на сите субјекти во училиштето се одредуваат главните насоки и приоритети во новата учебна година.
Основната функција и суштина на програмата се состои во осмислување на дејноста на училиштето за учебната 2025/2026 година и се остварува селекција и конкретизација на дидактички елементи на воспитно образовната дејност (цел и задачи, содржини, форми и методи на работа и сл.), условите за работа во училиштето ( опрема, стручен кадар, ученици и други потреби) како и динамика на реализација на задачите и активностите во текот на учебната година. Добар наставник е оној кој никогаш не зборува дека знае се,

туку оној кој се сомнева во своето знаење, бидејќи сомнежот е првиот чекор во совладувањето на науката.

## 26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Членови на комисијата кои ја изработија годишната програма на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес се следните:

Директор:Тања Николова
Педагог:Даниела Стојанова Зафирова
Психолог:Тоше Лучков
Одделенски наставник:

Предметен наставник:

Претставник од ученички парламент:Џенита Чолаковиќ

## 27.Користена литература


1.Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161/19 и 229/20);
3.Правилникот за формата и содржината за изработка на годишната програма за работа на основното училиште;
4. Прирачник за одржување на хигиената во училишните простори;
5.Наставните планови и програми за основно образование
6.Концепција за деветгодишно образование;
7.Концепција за вонннаставни активности;
8.Водич за ученичко учество, ученичко организирање,заштита на детските права во основното образование;
9.Основните професионални компентенции на наставниците и стручните соработници;
10.Статут на училиштето;
11.Програма за развој на училиштето;
12.Програмата за работа на училиштето од учебната 2023/2024 година;
13.Годишниот извештај за работа на училиштето од учебната 2023/2024 година;
14.Извештајот од самоевалуацијата;
15.Извештајот од интегрална евалуација;
16.Извештајот за финансиското работење на училиштето (користени записници од училишен одбор, наставнички совет.).

04.07.2025 год.
Г.Оризари, Велес

ВД Директор:
Тања Николова

Претседател на УО:
Јасмина Шатара

Предлог

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 25 од Статутот на училиштето Училишниот одбор на ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари Велес на седницата одржана на ден 04.07.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**за предлагање на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 год**

Чл.1

Училишниот одбор при ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари, Велес донесе Одлука за прифаќање на Годишната програма за учебната 2025/2026 година и предлага Советот на Општина Велес да ја усвои.

Чл.2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

Доставено до:
- Советот на Општина Велес
- ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари, Велес
- Архива

**Бр.02-294/4**
**04.07.2025**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**
**Јасмина Шатара**